# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог - Закон за заштита на личните податоци |
| Одговорно лице и контакт информации: | Марија Митаноска Димовска, советник |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☐Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐Друго ______________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 29.11.2018 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### 1.1 Опис на состојбите

Со Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/05, 103/08, 124/10, 135/11, 43/14, 153/15, 99/16 и 64/18) е уредена заштитата на личните податоци како основни слободи и права на човекот и граѓанинот, а особено правото на приватност во врска со обработката на личните податоци, правата на субјектот на личните податоци во врска со обработката на личните податоци, тајноста и заштитата на обработката на личните податоци, преносот на личните податоци во други држави, давањето на личните податоци на корисници, надлежностите на Дирекцијата за заштита на личните податоци, инспекцискиот надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, како и прекршоците и прекршочната постапка во оваа област.

Постојниот Закон за заштита на личните податоци е целосно усогласен со Директивата 95/46/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот за заштита на поединците во однос на обработката на личните податоци и на слободниот проток на таквите податоци.

Меѓутоа, во рамки на Советот на Европа е завршена постапката за модернизација на постојната Конвенција за заштита на физичките лица која се однесува на автоматската обработка на личните податоци бр.108 од 1981 година, при што е донесен новиот Протокол за изменување и дополнување на Конвенцијата за заштита на физичките лица која се однесува на автоматската обработка на личните податоци (CETS No 223) со кој предметната Конвенција се доуредува од аспект на новите состојби во областа на заштитата на личните податоци, како и во однос на новите технолошки решенија кои се применуваат при обработката на податоците.

Исто така, во рамки на Европската унија е донесена Регулативата (ЕУ) 2016/679 на Европскиот парламент и на Советот за заштита за заштита на физичките лица во однос на обработката на личните податоци и слободното движење на овие податоци и за укинување на Директивата 95/46/ЕЗ (Општа регулатива за заштита на личните податоци).

Со оваа Регулатива се воведуваат нови решенија во однос на обработката на личните податоци од кои позначајни ќе бидат и воедно ќе се рефлектираат во областа на заштитата на личните податоци и тоа:

-начелото на отчетност и одговорност и тоа како на ниво на контролор/обработувач така и на ниво на држава;

-дополнителни обврски за контролорите, односно обработувачите за воспоставување на институтите приватност при дизајнирање на информациски системи кои обработуваат лични податоци и проценка на влијанието на предвидените процеси на обработка во однос на заштитата на личните податоци;

- контролен механизам на органите за заштита на личните податоци за нивно консултирање во однос на предлози за било какви законски или подзаконски акти кои вклучуваат обработка на личните податоци;

- обврска за обезбедување дека органите за заштита на личните податоци ќе ги имаат сите неопходни ресурси за ефективно извршување на нивните функции и да ги извршуваат нивните овластувања, како и нагласување на нивното самостојно, независно и непристрасно функционирање.

Поради ваквите констелации во Советот на Европа и во Европската унија, се предлага донесување на нов Закон за заштита на личните податоци кој ќе биде во функција на подготвување на Република Македонија за исполнување на новите начела и стандарди во областа на заштитата на личните податоци.

Понатаму, во овој текст на Предлог на закон, се опфатени и Препораките од групата од високи експерти за системските прашања за владеење на правото кои се однесуваат на следењето на комуникациите откриени во Пролетта 2015 година во делот кој се однесува на Дирекцијата од 2015 година и од 2017 година (Извештаите  на Прибе), а кои посебно се однесуваат на зајакнување на самостојноста и независноста, како и надлежностите на Дирекцијата.

Притоа, при процесот на подготовка на текстот на Законот беа одржани повеќе консултации со заинтересираните страни и објавување на текстот на веб страната на Дирекцијата, а со цел обезбедување на целосна транспарентност и вклученост во процесот на донесување на овој предлог на закон на сите субјекти од јавниот и приватниот сектор. Имено, Дирекцијата преку ИПА проектот „Поддршка за пристап до правото на заштита на лични податоци" организираше четири тркалезни маси за Предлог на Законот за заштита на личните податоци. На тркалезните маси присуствуваа претставници на банките, финансиските институции, телекомуникациските оператори, осигурителните компании, стопанските комори и претставници на јавниот сектор. Во текот на сите реализирани тркалезни маси беше развиена конструктивна дебата, која резултираше и со сугестии за подобрување на текстот на овој предлог закон.

Воедно, во текстот на Предлог на Законот се вградени и забелешките содржани во Мислењето добиено од експертот ангажиран од Европската комисија преку инструментот TAIEX, а со цел постигнување на негова целосна усогласеност со Регулативата (ЕУ) 2016/679 на Европскиот парламент и на Советот за заштита за заштита на физичките лица во однос на обработката на личните податоци и слободното движење на овие податоци.

### 1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Предлог на Законот за заштита на личните податоци е во функција и на реализирање на обврската на Република Македонија која е нотирана во Извештајот за Република Македонија за 2018 година од Европската унија, каде што е наведено дека „треба да се преземат дополнителни напори за усогласување на законодавството за заштита на личните податоци со општата Регулатива за заштита на податоците 2016/679 и Директивата 2016/680".

## 2. Цели на предлог регулативата

Со усвојување на предложениот Закон ќе се изврши усогласување со европската регулатива во областа на заштитата на личните податоци, и тоа: Регулатива (ЕУ) 2016/679 на Европскиот парламент и на Советот од 27 април 2016 година за заштита на физички лица во поглед на обработката на лични податоци, за слободно движење на таквите податоци и за укинување на Директива 95/46/ЕЗ (Општа регулатива за заштита на податоци).

## 3. Можни решенија (опции)

### 3.1 Опис на решението „не прави ништо“

### 3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Опција 1.

Опција 2.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

### 4.1 Економски влијанија

Опција 1.

Опција 2.

### 4.2 Фискални влијанија

Опција 1.

Опција 2.

### 4.3 Социјални влијанија

Опција 1.

Опција 2.

### 4.4 Влијанија врз животната средина

Опција 1.

Опција 2.

### 4.5 Административни влијанија и трошоци

## 5. Консултации

### 5.1 Засегнати страни и начин на вклучување

Заради изготвување на соодветен текст на Законот, во рамки на Министерството за правда беше формирана работна група со претставници од Министерство за внатреши работи, Министерство за информатичко општество и администрација, Дирекција за заштита на лични податоци, здруженија, невладини организации.

### 5.2 Преглед на добиените и вградените мислења

### 5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто

## 6. Заклучоци и препорачано решение

### 6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)

Опција 1:

Позитивни:

Негативни:

Опција 2:

Позитивни:

Негативни:

### 6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)

Опција 1: Донесувањето на предложениот Закон имплицира усогласување на законите и другите прописи со кои се уредува собирањето, обработката, чувањето, користењето и доставувањето на лични податоци со одредбите на овој закон, како и донесување на подзаконски прописи чија содржина е предвидена со одредбите на предложениот Закон.

Опција 2:

6.3 Препорачано решение со образложение

Предлог на Законот е во функција и на реализирање на обврската на Република Македонија која е нотирана во Извештајот за Република Македонија за 2018 година од Европската унија, каде што е наведено дека „треба да се преземат дополнителни напори за усогласување на законодавството за заштита на личните податоци со општата Регулатива за заштита на податоците 2016/679 и Директивата 2016/680“.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

7.1

7.2

7.3

Активно вклучување на сите чинители во спроведувањето на Законот, ефикасно и навремено постапување на надлежните институции и соодветно превземање на одговорност при спроведувањето.

## 8. Следење и евалуација

8.1 Начин на следење на спроведувањето

8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

## Изјава од државниот секретар

Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.

Датум: 07. 12. 2018

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
д-р Рената Дескоска